(Службен весник на РМ бр.15/15 и бр.42/15 )

Врз основа на член 7 став 6 од Законот за тутун и тутунски производи ("Службен весник на Република Македонија" бр.24/06, 88/08, 31/10, 36/11, 53/11, 93/13, 99/13, 164/13 и 151/14), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

**ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ на**
**ПРАВИЛНИК**
**за формата и содржината на евидентниот лист за пријавено производство на тутун, начинот на пријавувањето, потребната документација, како и начинот на издавање на евидентниот лист**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на евидентниот лист за пријавено производство на тутун (во натамошниот текст: евидентниот лист), начинот на пријавувањето, потребната документација, како и начинот на издавање на евидентниот лист.

Член 2

Производителот на тутун ги пријавува површините на кои ќе одгледува тутун во тековната реколта со поднесување на пријава за производство на тутун за издавање на евидентниот лист од подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство според седиштето или местото на живеење.

Член 3

Подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство по приемот на пријавата за производство на тутун од член 2 на овој издава евидентни лист кој се пополнува во два примерока, од кои еден примерок останува во подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а еден примерок се издава на производителот на тутун.

Член 4

Евидентниот лист це печати во А4 формат на лајмована индигирана хартија.

Формата и содржината на евидентниот лист се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Производителот на тутун кој е запишан во Единствениот регистар на земјоделски стопанства во прилог на пријавата од член 2 на овој правилник ја доставува следната документација:

-имотен лист не постар од шест месеци; договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост; договор за закуп на земјоделско земјиште во приватна сопственост; договор за плодоуживање на земјоделско земјиште во државна сопственост или договор за плодоуживање на земјоделско земјиште во приватна сопственост;

-доказ за тековна состојба на правното лице издадена од Централен регистар на Република Македонија не постара од шест месеци и

-копија од депонирани потписи за правни лица.

Доколку производителот на тутун не е запишан во Единствениот регистар на земјоделски стопанства во прилог на пријавата од членот 2 на овој правилник ја доставува следната документација:

-барање за упис во Единствениот регистар на земјоделски стопанства;

-изјава на членовите на семејното земјоделско стопанство со која потврдуваат дека се членови на едно земјоделско стопанство и дека се назначува еден од членовите за носител на семејното земјоделско стопанство;

- доказ за поседување или располагање со земјоделско земјиште: имотен лист; договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост; договор за закуп на земјоделско земјиште во приватна сопственост; договор за плодоуживање на земјоделско земјиште во државна сопственост или договор за плодоуживање на земјоделско земјиште во приватна сопственост или имотен лист/договор за закуп на земјоделско земјиште на родителот на производителот на тутун;

-изјава на одговорното лице на правното лице носител на земјоделското стопанство дека не постои капитална поврзаност меѓу правните лица носители на земјоделските стопанства запишани во ЕРЗС;

-доказ за тековна состојба на правното лице издадена од Централен регистар на Република Македонија не постара од шест месеци;

-копија од депонирани потписи за правни лица и

-копија од сметка на носителот на земјоделското стопанство.

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на евидентниот лист за пријавено производство на тутун, начинот на пријавувањето, потребната документација, како и начинот на издавање на евидентниот лист. („Службен весник на Република Македонија“ бр.165/11 и 41/12).

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство
м-р Михаил Цветков, с.р.

Бр.02-3568/3
12 март 2015 година
Скопје

**Прилог**

**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**
**Подрачна Единица _______________**
**Број _____________**
**Дата_____________**

**сериски број 0000000**

# Е В И Д Е Н Т Е Н   Л И С Т
за пријавено производство на тутун

| | | |
|---|---|---|
| Пријавувач: (производител на тутун) | Име и презиме / Назив на правно лице: | |
| | Место на живеење/адреса и седиште за правно лице: | |
| | | |
| Реколта___________година | ЕМБГ / ЕДБ | |

| Бр. на Имотен лист/ поседовен лист/Договор за закуп | Тип на тутун | Површина (ха) Ха ари м² | Општина | Катастарска Општина ( КО ) | Катастарска Парцела ( КП ) | Место викано | Планирана количина (кгр) | Бр.на членови на семејство/ Бр.на вработени лица | Дата на раскинување на договорот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

Врз основа на член 7 став 1 од Законот за тутун и тутунски производи го пријавувам своето производство на тутун од производната _______ година и изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност дека горе наведените податоци се точни.

Дата: __________ Изјавил:____________________
(потпис)

Подрачната Единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на носителот на земјоделското стопанство со ИДБР _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ издава Евидентен лист за пријавено производство за КП_________________,ТИП _________________ и планирана количина _________________ кг.

Заверил:_____________
(потпис)

| Назив на Откупувач на тутун | Број на договор | Катастарска Парцела | Тип на тутун | Стракови | Договорена количина во кгр. | Дата на раскинување на договорот | Потпис и печат на овластено лице на откупувачот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |